

24

ХЕРА

ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ

Издание на:
ХЕРА – Асоцијација за здравствена едукација и истражување

Уредничка:
Елизабета Божиноска

Лекторка:
Љупка Евроска

Дизајн:
КОМА Дизајн студио

Место и година на издавање:
Скопје, 2025 година

СОДРЖИНА

УСЛУГИ И ЈАКНЕЊЕ НА КАПАЦИТЕТИТЕ ЗА НУДЕЊЕ УСЛУГИ 6

Нашите сервиси 8

Членство во мрежи 9

Обучени професионалци за нудење услуги и едукации 10

ПРОГРАМА МЛАДИНСКО УЧЕСТВО 12

Зголемен интерес за сексуално образование во основните училишта 13

Родовата еднаквост и осетливоста на медиумските и културните содржини 18

Младите создаваат слободни простори и ја истакнуваат важноста на демократските вредности 20

Неформална едукација за ССО преку врснички едукатори 24

Волонтерите на „ХЕРА Млади“ 26

ПРОГРАМА СЕКСУАЛНА И РЕПРОДУКТИВНА ГРИЖА 29

Медикаментозен абортус – клучна здравствена услуга во грижата за сексуалното и репродуктивното здравје 30

Превенцијата е клучна за здравјето на граѓаните 33

Услуги за ХИВ-тестирање 36

Младински центри и мобилна гинеколошка амбуланта 39

Преку директна поддршка на терен до формално вработување на Ромките 42

ПРОГРАМА РОДОВО ЗАСНОВАНО НАСИЛСТВО 45

Поддршка во заедницата по мерка на децата 46

Се грижиме – Обединети во борбата против сексуалното и родово заснованото насилство 48

Работа со сторители на насилство, за поголема заштита на децата 50

Центар за советување и поддршка на момчиња и мажи 52

Зајакнување на капацитетите за давање квалитетни услуги и обезбедување одржливост на сервисите 55

Пристап до правда и човекови права 58

ПРОГРАМА РОДОВА ЕДНАКВОСТ И ДЕМОКРАТИЈА 62

Проект „Заедно за родова еднаквост: Градење поддршка за родово инклузивни политики“ 63

КОМУНИКАЦИЈА, МЕДИУМИ И ПУБЛИКАЦИИ 66

Нова организациска комуникациска стратегија 67

Програма „Младинско учество“ 68

Програма „Сексуална и репродуктивна грижа“ 69

Национална кампања „Во ист ритам“ 70

Простор за разговор: За јакнење на родовата еднаквост, на културната сцена во шест градови 72

Програма „Родово засновано насилство“ 74

Нова веб-страница „Родителска“ 75

Поткасти 2024 79

„Amaze“ видеа 83

Видеа за сеопфатно сексуално образование 88

Ти и јас во еден глас за родова еднаквост 90

Европска недела на хив-тестирање 92

Градиме кариери, не стереотипи 93

Отворен првиот мм центар – за ментално здравје на момчиња и мажи 94

Публикации 96

БУЏЕТ ЗА 2024 ГОДИНА 97

ПОЗДРАВО ОБРАЌАЊЕ

2024 година беше година на длабоки промени, но и на силна посветеност – година кога ХЕРА продолжи да го живее својата мисија: заштита и унапредување на човековите права, со фокус на сексуалното и репродуктивното здравје, родовата еднаквост и социјалната правда. Во контекст на зголемена политичка поларизација, рестриктивни политики и економски предизвици, нашата визија за праведно општество остана светилник кој нè води напред.

Во 2024 година ја продлабочивме нашата улога како стратешки актер – глас на заедниците, мост помеѓу институциите и граѓаните, и партнер за прогресивни реформи. Со нови сојузи, регионални и меѓународни партнерства, ХЕРА се позиционираше не само како давател на услуги, туку и како двигател на промени, особено во делот на родова еднаквост, младинско учество и демократија.

Нашата Стратешка рамка 2023–2028 година е компасот кој нè насочува кон одржливи системски решенија. Преку иновативни пристапи во едукација, застапување и зајакнување на капацитетите на заедниците, вложуваме во отпорноста и лидерството на ранливите групи, особено на жените, младите и маргинализираните заедници. Особено сме горди на вклучувањето на младите во процесите на креирање политики, регионални иницијативи, волонтерскиот активизам и ХЕРАМлади кои се срцето на нашата организација.

Во изминатата година, преку соработка со јавниот сектор, граѓанските организации и меѓународните партнери, успеавме да ги поддржиме реформските процеси, да овозможиме пристап до услуги за илјадници корисници и да ги засилиме механизмите за отчетност на локално и национално ниво.

Погледот кон иднината останува јасен: ХЕРА ќе продолжи да инвестира во солидарноста, во колективната акција и во знаењето како средство за трансформација. Веруваме дека само преку градење на демократски, праведни и инклузивни процеси можеме да создадеме трајна општествена промена.

На сите соработници, партнери, волонтери и заедници – ви благодариме што
сте дел од ова патување. Заедно, сме посилни и поблиску до визијата за свет во кој секој човек има моќ и ресурси да го живее својот живот достоинствено, без страв и без дискриминација.

Ти и јас
во еден глас!

Румена Ѓердовска Којчески,
Претседателка
Мила Царовска,
Извршна директорка

ЛИЧНА КАРТА

ХЕРА – Асоцијација за здравствена едукација и истражување, е најголемата граѓанска организација за сексуално и репродуктивно здравје и права во Република Северна Македонија. Преку своите три стационарни сервиси и две мобилни клиники, дејствуваме директно на терен така што обезбедуваме услуги за сексуално и репродуктивно здравје, вклучително и ХИВ-тестирање, како и психолошка поддршка во областа на родово заснованото насилство. Вкупно 80 % од корисниците на овие услуги се граѓани кои живеат на маргините на општеството: тука спаѓаат и сиромашните, како што се Ромките и сексуалните малцински групи и други општествено исклучени лица, како што се ЛГБТИ луѓето и сексуалните работнички. ХЕРА е единствената организација што обезбедува неформално сеопфатно сексуално образование во земјата преку моделот на врсничка едукација. Со цел да овозможиме подобар пристап до грижа за сексуалното и репродуктивното здравје и до поддршка за жртвите на родово заснованото насилство, соработуваме со Министерството за здравство, со Министерството за труд и социјална политика и со стручни здруженија. На тој начин обезбедуваме обуки и постојана едукација за давателите на услуги во областите на здравството и социјалната заштита. Меѓу нашите најголеми достигнувања во досегашното застапување се усвојувањето на прогресивниот Закон за прекинување на бременоста во 2019 година и последователното пилотирање на медикаментозниот абортус на Универзитетската клиника за гинекологија и акушерство, како и обезбедувањето на државно финансирање за ХИВ-превенција и грижа меѓу најзасегнатите групи на граѓани. ХЕРА е полноправна членка на Меѓународната федерација за планирано родителство од 2009 година.

ВИЗИЈА И МИСИЈА

- Веруваме дека сите луѓе ги уживаат сексуалните и репродуктивните права слободно и во општествена благосостојба.
- Ги предизвикуваме патријархалните норми во одбрана на сексуалните и репродуктивните слободи.
- Се залагаме за сеопфатно сексуално образование, родово праведни политики и квалитетни услуги.
- Обезбедуваме неопходна грижа за сексуално и репродуктивно здравје и заштита од родово засновано насилство за сите кои немаат еднаков пристап.

УСЛУГИ И ЈАКНЕЊЕ НА КАПАЦИТЕТИТЕ ЗА НУДЕЊЕ УСЛУГИ

Име на сервисот	Вид на сервисот	Број на клиенти	Поделба на бројот на клиенти по целна група
Прв семеен центар	Стационарен	200	89 жртви (86 Ж, 3 М) 45 сторители (44 М, 1 Ж) 41 деца до 18г (28 Ж, 13 М) 25 (20 Ж 5 М) родители и други членови на семејството засегнати од насилство
ММ центар	Стационарен	86	52 (39 М, 13 Ж) ЛГБТИ 34 (6 Ж, 22 М, 6 друго)
Советувалиште за дроги	Стационарен	216	101 млади 104 родители 11 партнери
МЦ „Водно“	Стационарен	545	177 МСМ, 20 СР, 6 ЛИД, 95 други групи жени, 70 млади во ризик и 177 ОП
МЦ „Шуто Оризари“	Стационарен	517	4 МСМ, 110 СР, 1 ЛИД, 325 Ромки, 25 млади во ризик и 62 ОП
Гинеколошка амбуланта	Мобилна	536	238 СР, 110 ЛИД, 85 Ромки и 103 ранливи групи жени (жртви на семејно насилство, жени од рурални средини и други)
ХИВ-тестирање	Стационарен/мобилен/ самотестирање преку заедница и преку интернет	1 036	343 МСМ, 260 СР, 280 ЛИД, 153 други ранливи категории
Советувалиште за ХИВ, Клиника за инфективни болести и фебрилни состојби	Стационарен (партнерски)	980	561 лица кои живеат со ХИВ и други маргинализирани
Медикаментозен абортус – Универзитетска клиника за гинекологија и акушерство	Стационарен (партнерски)	1 147	1 147 девојки и жени во репродуктивен период
ВКУПНО	/	**5263**	/

Стационарен сервис | Мобилен сервис | Партнерски стационарен сервис

Број / процент на жени	Број / процент на ранливи групи	Број / процент на млади на возраст 10 – 24 год.
135 / 67,5%	155 / 77,5%	41 / 20,5%
19 / 22 %	86 / 100%	25 / 29 %
74 / 34%	101 / 47%	101 / 47%
196 / 36%	368 / 68%	222 / 4 %
489 / 95%	465 / 90%	181 / 35%
536 / 100%	536 / 100%	28 / 5%
289 / 27,8%	1 036 / 100 %	239 / 23%
71 / 7,2%	490 / 50%	76 / 7,7 %
1 147 / 100%	92 / 8%	9 / 0,8%
2956/ 56 %	**3329/ 63 %**	**992/ 18 %**

НАШИТЕ СЕРВИСИ

Младински центри за сексуално и репродуктивно здравје „Сакам да знам“

Амбуланта „Водно“

ул. „Елисие Поповски“ бр. 2

(02) 3176 950

Амбуланта „Шуто Оризари“

ул. „Шуто Оризари“ б. б.

(02) 2651 955

ММ центар – Центар за поддршка и советување на мажи

ул. „Елисие Поповски“ бр. 2

(070 299 026)

man.mind.skopje

Прв семеен центар на Град Скопје

ул. „Елисие Поповски“ бр. 2

infopsc@hera.org.mk

Мобилна амбуланта за тестирање и советување за ХИВ

hivtest@hera.org.mk

Мобилна гинеколошка амбуланта

hera@hera.org.mk

ХЕРА онлајн

Веб-страници:

Веб-страница: www.hera.org.mk

Сеопфатно сексуално образование: **www.seksualnoobrazovanie.mk**

Сè за контрацепцијата на едно место: **www.kontracepcija.mk**

Поддршка на родители за теми од ССО: **www.roditelska.mk**

Социјални канали:
@hera.macedonia
@heramladi
@HERAMacedonia

ЧЛЕНСТВО ВО МРЕЖИ

На национално ниво:

- Национална мрежа за стопирање на насилството врз жените и семејното насилство (основач и членка)
- Платформа за родова еднаквост (основач и членка)
- Коалиција МАРГИНИ (основач и членка)
- Македонска платформа за борба против сиромаштијата (основач и членка)
- Платформа за ХИВ (основач и членка)
- Мрежа за заштита од дискриминација (основач и членка)
- Национална мрежа за борба против хомофобија и трансфобија (основач и членка)
- Национален младински совет (членка)
- Мрежа на даватели на социјални услуги (основач и членка)

На меѓународно ниво:

- International Planned Parenthood Federation (IPPF) – полноправна членка од 2009 година
- European Parliamentary Forum for Sexual and Reproductive Rights – Секретаријат за Северна Македонија
- EN WWP – European Network for the Work with Perpetrators of Domestic Violence
- ASTRA Network
- Y-SAFE Network
- AIDS Action EUROPE
- ILGA Europe
- IRIS Network
- ERA – LGBTol Equal Rights Association for Western Balkans and Turkey
- COBATEST Network

ОБУЧЕНИ ПРОФЕСИОНАЛЦИ ЗА НУДЕЊЕ УСЛУГИ И ЕДУКАЦИИ

145

Обучени професионалци од здравствени, социјални и образовани установи, полиција, пробација и граѓански организации **(психолози, педагози, наставници, социјални работници, гинеколози, стоматолози, општи лекари, професионалци од пробациски тимови и полиција)**



53 › гинеколози обучени за нудење медикаментозен абортус

19 › професионалци од полицијата, центрите за социјална работа, пробација и здруженија на граѓани обучени за работа со сторители, со фокус на безбедност на децата

42 › наставници и психолози обучени за спроведување на сеопфатно сексуално образование во основните училишта

11 › психолози и психотерапевти обучени за нудење услуги за поддршка поврзана со насилство и ментално здравје на ЛГБТИ

20 › професионалци од центри за социјална работа, здравствени установи, женски граѓански организации и полиција обучени за мултисекторско постапување во случаи на родово засновано насилство.

ПРОГРАМА **МЛАДИНСКО УЧЕСТВО**



ЗГОЛЕМЕН ИНТЕРЕС ЗА СЕКСУАЛНО ОБРАЗОВАНИЕ ВО ОСНОВНИТЕ УЧИЛИШТА



15

видеа на македонски јазик

7

видеа за родители

ОПРАВДАНОСТ:

- Сеопфатното сексуално образование е дел од концепцијата за основното образование, со предвиден изборен предмет во 9. одделение, **пилотирано** во 2021/2022 година, со успешни резултати кај учениците;
- Општините Центар, Кавадарци и Гостивар со јасна определба за реализација на активности поврзани со унапредување на здравјето и добросостојбата на младите во овие општини;
- Постои висок степен на дезинформации во јавноста за содржините на сеопфатното сексуално образование.

АКТИВНОСТИ:

- Заедно со Бирото за развој на образованието (БРО) работевме на градењето капацитети кај наставниците и стручните служби во основните училишта;
- Одржувавме настани заедно со психолозите и претставниците од БРО за запознавање со наставните содржини за подобар социјално-емоционален развој кај учениците и за превенција од насилство;
- Заедно со Бирото за развој на образованието организиравме активности за запознавање на јавноста со содржините на сеопфатното сексуално образование;
- Преведовме 15 видеа на македонски јазик од платформата Amaze, за запознавање на младите со темите за ментално здравје, насилство и сексуално и репродуктивно здравје;
- Подготвивме 7 видеа за родители кои ги објаснуваат содржините на седумте компоненти на ССО, објавени на новата веб-страница: roditelska.mk.

РЕЗУЛТАТИ:

- 42 наставници од основните училишта во општините Центар, Кавадарци, Тетово и Гостивар успешно ја завршија Обуката за ССО во Велес, како и Обуката за ССО одржана во Тетово, и се подготвени да ја реализираат како изборен предмет во 9. одделение;
- 370 млади, наставници и родители ги проследија четирите Форум-театри на Здружението „Рубикон“, кои ги организиравме заедно со општините Центар, Кавадарци, Тетово и Битола и учествуваа во дискусиите за проблемите на младите во нивните заедници преку темата „Врски и односи во адолесценцијата“;
- 20 јавни личности и стручни лица разговараа за содржините на сеопфатното сексуално образование и потребата кај младите од вакви содржини во училиште во 10 епизоди од поткастот „Тивка врева“;
- Над 90 присутни на панел-дискусија во Тетово со стручни лица од училишните служби и претставници од релевантните институции за улогата на училиштето во превенцијата и заштитата од насилство во училиштата, како и за улогата во грижата за менталното здравје на учениците; Промовиравме 10 видеа за приближување на придобивките од ССО до граѓаните, во кои францускиот амбасадор, универзитетски професори, психолози, претставници на институции, професионалци од регионот и наставници ги пренесуваат фактите за ова образование.

42

наставници успешно ја завршија Обуката за ССО

370

млади, наставници и родители ги проследија четирите Форум-театри

20

јавни личности и стручни лица разговараа за содржините на сеопфатното сексуално образование

90

присутни на панел-дискусија во Тетово

ПРОГРАМА МЛАДИНСКО УЧЕСТВО

ИДНИ ЧЕКОРИ:

- Подготовка на Прирачник за наставниците за успешно спроведување сексуално образование во основните училишта;
- Зголемување на бројот на наставници кои ги подобриле своите знаења и вештини за ефикасно спроведување на изборниот предмет по сеопфатно сексуално образование.

ДОНАТОРИ:

- Фондот „Сигрид Раусинг“, Меѓународна федерација за планирано родителство, Амбасада на Кралството Холандија и Амбасада на Франција



Прес-конференција за започнување на кампањата „Во ист ритам“



ПРОГРАМА МЛАДИНСКО УЧЕСТВО



Билбордите од кампањата „Во ист ритам“













Форум-театри на тема „Врски и односи во адолесценцијата“, Скопје, Штип, Тетово и Битола (од лево кон десно)



Панел-дискусија во Тетово, на тема „Колку се важни образовните програми за благосостојбата и менталното здравје кај младите?“

РОДОВАТА ЕДНАКВОСТ И ОСЕТЛИВОСТА НА МЕДИУМСКИТЕ И КУЛТУРНИТЕ СОДРЖИНИ

ОПРАВДАНОСТ:

- Медиумите и социјалните мрежи во голема мера се користат како простор за ширење говор на омраза и за манипулации против сексуалното образование и родовата еднаквост;
- Невладините организации и активистите за човекови права постојано се соочуваат со напади, вклучувајќи лични закани и малтретирање поради нивната поддршка на демократските вредности и родовата еднаквост;
- Антидемократските групи манипулативно се претставуваат како „заштитници на традиционалните вредности“ и сериозно ги поткопуваат човековите права и демократските процеси.

АКТИВНОСТИ:

- Спроведовме културни настани во Велес, Куманово, Битола, Штип, Охрид и во Струга како платформа за дискусија и подобро разбирање на родовата еднаквост и придобивките од неа;
- Ја спроведовме Националната кампања „Во ист ритам“ за подигнување на јавната свест за родовата еднаквост;
- Ја спроведовме Кампањата „Инспирирај еднаквост“ на социјалните медиуми, преку прикажување на предизвиците и преку примери за зајакнување на жените со попреченост, Ромките и земјоделките со мерки кои поттикнуваат родова еднаквост. И германската амбасадорка ја поддржа Кампањата.



РЕЗУЛТАТИ:

- 360 млади од 6 града го проследија културниот перформанс „Простор за разговор“ и беа дел од дискусиите за родовата еднаквост и за нејзиното значење;
- 2 видеа на социјалните мрежи ги претставија вистинските приказни на жени од ранливите групи и конкретната важност на мерките кои се воведуваат за постигнување на родова еднаквост;
- 2 епизоди од поткастот „Пинк хроника“ отворија простор за дискутирање за родовата еднаквост;
- Објавени 20 стории на социјалните мрежи и 4 рилови од инфлуенсери кои ја обработуваат родовата еднаквост во различни сфери од општественото живеење

360

млади од 6 града го проследија културниот перформанс „Простор за разговор“

2

видеа на социјалните мрежи ги претставија вистинските приказни на жени од ранливите групи

2

епизоди од поткастот „Пинк хроника“

ИДНИ ЧЕКОРИ:

- Подготовка на Прирачник за новинари за известување на темите на родова еднаквост и сексуално образование;
- Подигнување на јавната свест за придобивките од постигнување родова еднаквост во општеството.

20

стории на социјалните мрежи

4

рилови од инфлуенсери

ДОНАТОРИ:

- Фонд „Сигрид Раусинг“, Германско друштво за меѓународна соработка (ГИЗ), Амбасада на Кралството Холандија, Фондација „Метаморфозис“

МЛАДИТЕ СОЗДАВААТ СЛОБОДНИ ПРОСТОРИ И ЈА ИСТАКНУВААТ ВАЖНОСТА НА ДЕМОКРАТСКИТЕ ВРЕДНОСТИ

ОПРАВДАНОСТ:

- Само 19 општини формирале локален младински совет, а 7 имаат отворено младински центри;
- 51,4 % од младите сметаат дека властите не се грижат за нивните потреби и проблеми;
- 73,7 % од младите досега НЕ биле вклучени или консултирани од локалните или од националните институции при носењето одлуки.

АКТИВНОСТИ:

- Учествуваме со предлози за реформирање на Законот за младинско учество;
- Креираме и објавуваме содржини на социјалните медиуми за подигнување на свеста за демократските вредности во општеството и поврзаноста со потребите на младите;
- Спроведовме 5 креативни работилници за стрип, визуелна комуникација, работа со глина, активистички графички дизајн и еко-анксиозност;
- Ги обучуваме младите волонтери за спроведување неформална врсничка едукација по ССО;
- Промовираме младинско учество и информираме за сексуалното и репродуктивно здравје и права.

19

општини формирале локален младински совет

7

отворени младински центри

ПРОГРАМА
МЛАДИНСКО
УЧЕСТВО

РЕЗУЛТАТИ:

- 10 епизоди на поткастот „Секси маало“ во кои зборувавме за демократските вредности во сите сфери кои ги засегаат младите и во кои се соочуваат со сериозни предизвици;
- Волонтерите од „ХЕРА Млади“ беа активни на Светскиот ден на лица со Даунов синдром, учествуваа во женска трка, беа присутни на 5 Апсолвентски фузии во соработка со УСС УКИМ, учествуваа на третиот конгрес на општа медицина, организиран од СОМА Штип, организираа „кахут квиз“ на Меѓународниот ден за менструална правда во соработка со „ТИИИИТ инк.“ и „Период Скопје“, спроведоа герила-акција на Денот на младите и посетуваа јавни настани за млади;
- 5 нови обучени врснички по сеопфатно сексуално образование;
- 70 млади учествуваа на работилниците за стрип, цртање, работа со глина, активистички графички дизајн и еко-анксиозност; Публикација на 12 куси стрипови пристигнати на Конкурсот за стрип „Каде припаѓам“ во соработка со „Темплум“;
- 180 млади ги проследија активностите на „ХЕРА Млади“ на Д-фестивалот.

10

епизоди на поткастот „Секси маало“

5

нови обучени врснички по ССО

70

млади на работилниците за стрип, цртање, работа со глина, активистички графички дизајн и еко-анксиозност;

180

млади на „ХЕРА Млади“ на Д-фестивал

ПРОГРАМА
МЛАДИНСКО
УЧЕСТВО

ИДНИ ЧЕКОРИ:

- Проширување на волонтерскиот тим и врснички едукатори за спроведување континуирани обуки за содржините и новите модули на ССО;
- Спроведување неформално сексуално образование во соработка со граѓанскиот сектор, со образовните, здравствените и социјалните институции, со родителите и со студентите;
- Активно учество во процесите на спроведување на постојните и во процесите на носење нови мерки и закони за подобрување на благосостојбата на младите.

ДОНАТОРИ:

- Меѓународна федерација за планирано родителство, Британски совет, Фондот „Сигрид Раусинг“, Национален младински совет на Македонија



Работилница на тема „Еко-анксиозност“

ПРОГРАМА МЛАДИНСКО УЧЕСТВО



Работилница за стрип, во рамките на конкурсот за стрип „Каде припаѓам“




„ХЕРА Млади“ на Апсолвентски фузии

НЕФОРМАЛНА ЕДУКАЦИЈА ЗА ССО ПРЕКУ ВРСНИЧКИ ЕДУКАТОРИ

ОПРАВДАНОСТ:

- Во изминатите години порастот на менталните здравствени проблеми кај младите и недоволниот пристап до информации за сексуално и репродуктивно здравје покажаа дека е потребен поинтензивен ангажман во оваа област;
- Малолетничките бремености остануваат предизвик, додека младите уште се соочуваат со стигматизирање и со недоволна поддршка за користење современа контрацепција.



АКТИВНОСТИ:

- Продолживме да ја спроведуваме нашата програма за неформално сеопфатно сексуално образование низ државата;
- Спроведувавме неформални врснички едукации по ССО, преку кои ги вклучивме младите и од урбаните и од руралните средини низ државата, младите во ранлива положба, како и младите Роми;
- Спроведовме петдневна обука за нови врснички едукатори.

ПРОГРАМА
МЛАДИНСКО
УЧЕСТВО

РЕЗУЛТАТИ:

- Опфативме 224 млади со работилниците за ССО, од кои 195 ги поминаа сите 7 модули на ССО;
- Одржавме дводневни 12 врснички едукации за сите компоненти на ССО во општините Центар, Карпош, Шуто Оризари, Ѓорче Петров, Тетово, Куманово, Крива Паланка и Велес;
- Обучивме 5 нови врснички едукатори за ССО.

224

млади на работилниците за ССО

12

врснички едукации за сите компоненти на ССО во општините

5

нови врснички едукатори за ССО

ИДНИ ЧЕКОРИ:

- Вмрежување со организации од регионот и од Европа за споделување знаења и модели за ССО;
- Континуирана обука на врсничките едукатори и развој на нови пристапи за ангажирање на младите.

ДОНАТОР:

- Меѓународна федерација за планирано родителство

ВОЛОНТЕРИТЕ НА „ХЕРА МЛАДИ“

Вкупно 55 млади волонтери беа дел од нашиот тим „ХЕРА Млади“ во 2024 година. Групата врснички едукатори се збогати со 5 нови млади едукатори за ССО.

Продуцираме 10 епизоди од поткастот „Секси маало“, во кои се разговараше за интересни теми поврзани со демократија, родова еднаквост и младинско учество.

Како секоја година, бевме во првите редови на Осмомартовскиот марш и на Парадата на гордоста.

На Д-фестивалот бевме активни со 6 интересни работилници: ART Therapy, работилницата за подобро ментално здравје опфати околу 80 млади кои креираа и декорираа торби и бандани.

Организиравме и кратки инфо-средби со заинтересираните млади кои сакаат да се едуцираат за сексуално преносливи инфекции.

Голем интерес имаше за работилницата **„Спид дејтинг“**, каде што нашиот тим спојуваше млади кои сакаа да се запознаат со свои врсници и да разменат мислења и ставови, а понатаму да разговараат и на теми поврзани со љубов и врски.

Организиравме мапирање на проблемите на младите од цела држава, преку поставување платно со територијата на државата, за младите да можат да напишат каква промена сакаат да видат во нивната околина.

Фестивалското дружење заврши со **Секси исповеди** на кои заедно со тимот врснички едукатори дискутиравме за прашања и дилеми кои ги мачат младите поврзани со сексуалноста и врските.


Ги посетивме работилниците за стрип, визуелна комуникација, работа со глина, активистички графички дизајн и еко-анксиозност. Волонтерите од „ХЕРА Млади“ беа активни на Светскиот ден на лица со Даунов синдром, учествуваа во женска трка, беа присутни на 5 Апсолвентски фузии во соработка со УСС УКИМ, учествуваа на третиот конгрес на општа медицина, организиран од СОМА Штип, организираа „кахут квиз“ на Меѓународниот ден за менструална правда во соработка со „ТИИИИТ инк.“ и „Период Скопје“, за Денот на младите спроведоа герила-акција и посетуваа јавни настани за млади.



ПРОГРАМА МЛАДИНСКО УЧЕСТВО



Герила-акција на Денот на младите





ПРОГРАМА
МЛАДИНСКО
УЧ





Работилница за цртање на Светскиот ден на лицата со Даунов синдром







„ХЕРА Млади“ на Женска трка



ПРОГРАМА **СЕКСУАЛНА И РЕПРОДУКТИВНА ГРИЖА**



МЕДИКАМЕНТОЗЕН АБОРТУС – КЛУЧНА ЗДРАВСТВЕНА УСЛУГА ВО ГРИЖАТА ЗА СЕКСУАЛНОТО И РЕПРОДУКТИВНОТО ЗДРАВЈЕ

ОПРАВДАНОСТ:

- Медикаментозниот абортус е широкоприфатен како побезбедна метода за прекин на бременоста, која може да се спроведува во првиот и во вториот триместар од бременоста;
- Во превентивната Програма за активна здравствена заштита на мајките и децата во Република Северна Македонија за 2024 година, предвидени се 200 000 денари за медикаментозен абортус за најранливата категорија жени.

АКТИВНОСТИ:

- Спроведовме две обуки со гинеколози од примарната здравствена заштита, акредитирани од Македонското лекарско друштво за примена на медикаментозниот абортус;
- Го одбележавме 28 Септември – Меѓународниот ден за пристап до безбеден абортус, во соработка со Универзитетската клиника за гинекологија и акушерство и Македонската асоцијација на гинеколози и опстетричари;
- Подготвивме брошура „Медикаментозен абортус во примарната здравствена заштита“ со детално објаснување на самата постапка, споделена на обуките со гинеколози од примарната здравствена заштита;
- Реализиравме три едукативни работилници со студенти од трите најголеми медицински факултети на територија на државата: Високата медицинска школа при Универзитетот „Св. Климент Охридски“ – Битола; Факултетот за медицински науки при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип и на Факултетот за здравствени науки при Универзитетот на Југоисточна Европа во Тетово, со цел подигнување на јавната свест на темата медикаментозен абортус и модерна контрацепција;
- Ја продолживме соработката со Универзитетската клиника за гинекологија и акушерство за континуирано нудење на услугата медикаментозен абортус.

ПРОГРАМА СЕКСУАЛНА И РЕПРОДУКТИВНА ГРИЖА

РЕЗУЛТАТИ:

- Обучени се вкупно 53 гинеколози од примарната здравствена заштита за нудење на услугата медикаментозен абортус;
- Континуирано обезбедување на услугата медикаментозен абортус на Клиниката за гинекологија и акушерство;
- Вкупно 125 студенти од трите медицински факултети, како иден медицински кадар, добија детални информации за спроведувањето на медикаментозниот абортус и за клучната важност на модерната контрацепција.

53

обучени гинеколози

125

студенти од трите медицински факултети добија детални информации за спроведувањето на медикаментозниот абортус

ИДНИ ЧЕКОРИ:

- Обуки за матични гинеколози за проширување на услугата медикаментозен абортус на територијата на целата држава;
- Застапување за регистрација на лековите потребни за реализација на медикаментозниот абортус;
- Работилници со здруженија, студенти и ранливи групи за подигнување на јавната свест и едукација за медикаментозен абортус.

ДОНАТОР:


- Меѓународна федерација за планирано родителство



Прес-конференција за одбележување на 28 Септември – Меѓународниот ден за пристап до безбеден абортус



Втора обука за гинеколози од примарната здравствена заштита во соработка со Македонската асоцијација на гинеколози и опстетричари



Едукација за медикаментозен абортус и модерна контрацепција со студентите од Високата медицинска школа при Универзитетот „Св. Климент Охридски“ – Битола



ПРЕВЕНЦИЈАТА Е КЛУЧНА ЗА ЗДРАВЈЕТО НА ГРАЃАНИТЕ

ОПРАВДАНОСТ:

- Клучните превентивни здравствени програми бележат значителни недоследности или пад во буџетирањето, со што се доведува во опасност здравјето на граѓаните;
- Буџетот на Програмата за заштита на населението од ХИВ-инфекција во Република Северна Македонија за 2023 година беше намален за повеќе од 60%, споредено со претходните години – предвидени беа само 19 469 000 денари.

АКТИВНОСТИ:

- Во партнерство со три граѓански организации: Заедно посилни Скопје, ЕСЕ и Иницијатива за правата на жените од Шуто Оризари подготвивме детална анализа за Унапредување на превентивната здравствена заштита за ранливите групи, со клучни препораки и наоди од четири превентивни здравствени програми, како и економски анализи на Програмата за активна здравствена заштита на мајките и децата, Програмата за рана детекција и скрининг на малигни заболувања, Програмата за заштита на населението од ХИВ-инфекција и Програмата за партиципација;
- Во рамките на партнерството подготвивме Предлог-измени на Законот за здравствена заштита со фокус на препознавањето на граѓанските организации како даватели на здравствени услуги.



ПРОГРАМА СЕКСУАЛНА И РЕПРОДУКТИВНА ГРИЖА

РЕЗУЛТАТИ:

- Успешно застапување со кое се спречи повторно кратење на средствата од Превентивната програма за заштита на населението од ХИВ-инфекција во Република Северна Македонија во првата половина од 2024 година за време на ребалансот на буџетот;
- Во партнерство со трите граѓански организации подготвивме Економски анализи со препораки за унапредување на четирите превентивни здравствени програми: Програма за рана детекција и скрининг на малигни заболувања; Програма за активна здравствена заштита на мајките и децата; Програма за заштита на населението од ХИВ-инфекција и Програма за партиципација;
- Реализиравме национална конференција на тема „Здравствени политики за сите: зајакнување и поддршка на девојките, жените и ранливите групи“ со фокус на четири превентивни програми, на која беа претставени суштинските чекори кои треба да бидат преземени од клучните институции и улогата на собранието во унапредувањето на здравствените права на граѓаните.

ИДНИ ЧЕКОРИ:

- Тесна соработка со клучните институции во унапредувањето на превентивната здравствена заштита, а со самото тоа и на здравјето на граѓаните;
- Застапување за промена на националното законодавство со цел препознавање на граѓанските организации како даватели на здравствени услуги;
- Застапување за соодветно буџетирање на четири превентивни програми.

ПАРТНЕРИ:

- Здружение за поддршка на луѓето што живеат со ХИВ – ЗАЕДНО ПОСИЛНИ Скопје, Здружение за еманципација, солидарност и еднаквост на жените – ЕСЕ и Здружение Иницијатива за правата на жените од Шуто Оризари

ДОНАТОРИ:

- Македонски центар за меѓународна соработка/Влада на Швајцарија преку програмата Цивика мобилитас

ПРОГРАМА СЕКСУАЛНА И РЕПРОДУКТИВНА ГРИЖА





Национална конференција „Здравствени политики за сите: Зајакнување и поддршка на девојките, жените и ранливите групи“

УСЛУГИ ЗА ХИВ-ТЕСТИРАЊЕ

ОПРАВДАНОСТ:

- Во Република Северна Македонија само 70 % од лицата кои живеат со ХИВ се свесни за својот статус;
- Најголем дел од младите не се доволно информирани за последиците од незаштитен сексуален однос и практикувајќи го, се доведуваат во опасност од пренос на ХИВ.

АКТИВНОСТИ:

- И во 2024 година продолживме со континуирано нудење бесплатни и доверливи услуги за ХИВ-тестирање во младинскиот центар „Сакам да знам“ – Водно, во мобилната амбуланта за ХИВ-тестирање на различни локации и во стационарните сервиси на партнерските организации од повеќе градови во државата;
- Програмата за самотестирање за ХИВ во домашни услови со брз орален тест е сè уште достапна преку интернет и преку членовите на заедниците на клучните популации засегнати од ХИВ, бесплатно и анонимно;
- Го унапредивме начинот на закажување термин за тестирање во младинските центри, преку алатка за онлајн закажување.



ПРОГРАМА СЕКСУАЛНА И РЕПРОДУКТИВНА ГРИЖА

РЕЗУЛТАТИ:

- Преку мобилните и стационарните сервиси вкупно 692 лица (до октомври) од ранливите категории и други лица со ризик од ХИВ-пренос извршија ХИВ-тестирање;
- Вкупно 213 лица (до октомври) од ранливите категории и други лица со ризик од ХИВ-пренос направија ХИВ-тестирање преку програмата за самотестирање за ХИВ во домашни услови;
- Ги одбележавме пролетната и есенската Европска недела за ХИВ-тестирање преку спроведување кампања и активности за подигнување на јавната свест за клучната улога на превенцијата од ХИВ. Снимивме промотивно видео со инфлуенсерот Александар Динев, кој даде поддршка за кампањата за ХИВ-тестирање;
- Го одбележавме 1 декември – Светскиот ден на СИДА, при што во соработка со СМУГС „Д-р Панче Караѓозов“ организиравме работилница за средношколци, каде група средношколци им пренесоа знаења на своите соученици, пријатели и познаници на тема сексуално преносливи инфекции, со фокус на важноста од ХИВ-превенцијата.

ИДНИ ЧЕКОРИ:

- Континуирано одржување на сервисите за нудење бесплатни и доверливи услуги за ХИВ-тестирање;
- Активно застапување за соодветно буџетирање на Програмата за заштита на населението од ХИВ-инфекција во Република Северна Македонија.

ДОНАТОРИ:


- Министерство за здравство и Меѓународна федерација за планирано родителство

692

извршија ХИВ-тестирање

213

направија ХИВ-тестирање преку програмата за самотестирање за ХИВ во домашни услови



Алатка за онлајн закажување термини за услугите во младинските центри „Сакам да знам“

Активности за подигнување на јавната свест за важноста од превенцијата – Женска трка



МЛАДИНСКИ ЦЕНТРИ И МОБИЛНА ГИНЕКОЛОШКА АМБУЛАНТА

ОПРАВДАНОСТ:

- Младинските центри за сексуално и репродуктивно здравје „Сакам да знам“ во Водно и во Шуто Оризари се единствените „пријателски“ сервиси кои функционираат повеќе од 20 години и кои нудат бесплатни и доверливи услуги за превенција и заштита на сексуалното и репродуктивно здравје, за младите и за маргинализираните заедници;
- Клучните популации се често мета на стигматизирање и дискриминација, а недостасува и „безбеден простор“ во рамките на државните здравствени институции со цел обезбедување приватност, доверливост и безбедност во работата со клучните популации;
- Од 2013 година, ХЕРА со Мобилната гинеколошка амбуланта континуирано нуди гинеколошки услуги на жени од руралните средини и на други ранливи групи кои имаат ограничен пристап до услуги поради оддалеченоста од најблиските гинеколошки амбуланти и поради социјално-економскиот статус.

АКТИВНОСТИ:

- Обезбедивме гинеколошки, дерматовенеролошки услуги за дијагноза и третман на сексуално преносливи инфекции (СПИ), ЕХО-прегледи и ПАП-тестови, современа контрацепција и ХИВ-тестирање во младинските центри „Сакам да знам“ и во мобилната гинеколошка амбуланта;
- Обезбедивме услуги за итна и модерна контрацепција (орални пилули и спирали) и терапија за сексуално преносливи инфекции;
- Дистрибуиравме кондоми, лубриканти и информативни материјали;
- Спроведовме врснички едукации меѓу млади и клучни популации;
- Спроведовме кампања за машкото здравје под слоганот „Твое право е да се чувствуваш здраво“, со која ја одбележавме есенската Европска недела за ХИВ-тестирање. Во текот на кампањата ги промовиравме бесплатните прегледи кај дерматовенерологот во младинскиот центар „Сакам да знам“ – Водно и бесплатниот пакет услуги за тестирање за сексуално преносливи инфекции, и тоа: гонореја, сифилис, хламидија и брз тест за ХИВ. Снимивме и поткаст за митови и факти за сексуалното и репродуктивно здравје.

ПРОГРАМА СЕКСУАЛНА И РЕПРОДУКТИВНА ГРИЖА

РЕЗУЛТАТИ:

- Во 2024 година, во двата наши младински центри се направени 419 гинеколошки и ЕХО- прегледи и 131 ПАП-тестови кај клучните популации (сексуални работнички, Ромки, жртви на семејно насилство, млади и жени од руралните средини);
- Во мобилната гинеколошка амбуланта се направени 506 гинеколошки и ЕХО-прегледи и 445 ПАП-тестови кај клучните популации;
- 356 корисници направија тестирања за СПИ (за сифилис, трихомонас, гонореја и хламидија);
- Направени се вкупно 163 тестирања за ХИВ во младинскиот центар „Сакам да знам“ – Водно;
- Во периодот јануари–декември 2024 година вкупниот број дадена контрацепција изнесува 95;
- Поделени се вкупно 6 646 кондоми, 943 лубриканти и 248 информативни материјли;
- Вкупно 153 млади и претставници од клучни популации се едуцираа преку моделот за врсничка едукација на теми за сексуалното и репродуктивно здравје.

во двата младински центри се направени

419 гинеколошки и ЕХО-прегледи и **131** ПАП-тестови

во мобилната гинеколошка амбуланта се направени

506 гинеколошки и ЕХО-прегледи и **445** ПАП-тестови

356
СПИ тестирања

163
ХИВ тестирања во младинскиот центар „Сакам да знам“

95
дадени контрацепции

Поделени **6 646** кондоми

943
лубриканти

248
информативни материјли

153
се едуцираа за сексуалното и репродуктивно здравје

ИДНИ ЧЕКОРИ:

- Континуирано нудење бесплатни и доверливи услуги за СРЗ за младите и за маргинализираните групи во младинските центри „Сакам да знам“ на Водно и во Шуто Оризари и со мобилната гинеколошка амбуланта;
- Континуирано подигнување на јавната свест за важноста од превенција.

ДОНАТОРИ:

- Министерство за здравство и Фондот „Сигрид Раусинг“

ПРОГРАМА
СЕКСУАЛНА И
РЕПРОДУКТИВНА
ГР





Банери за промоција на бесплатните и доверливи услуги за тестирање во младинските центри „Сакам да знам“

ПРЕКУ ДИРЕКТНА ПОДДРШКА НА ТЕРЕН ДО ФОРМАЛНО ВРАБОТУВАЊЕ НА РОМКИТЕ



ОПРАВДАНОСТ:

- Стапката на формална вработеност кај Ромките изнесува само 17% во земјава, односно тројно помалку се застапени на пазарот на труд;
- Сè уште постои штетен стереотип дека Ромите, вклучително и жените, не се подготвени да работат. Оваа перцепција не само што ја обезличува заедницата, туку и ги игнорира вистинските бариери со кои се соочуваат Ромките, како што се дискриминација, недостаток од пристап до образование и исклучување од формалните мрежи за вработување;
- Во 2022 година ХЕРА ги вклучи Ромките како посебна целна група во Националниот оперативен план за активни програми и мерки за вработување и услуги на пазарот на трудот.

АКТИВНОСТИ:

- Ангажиравме 4 контакт-лица од заедницата за работа на терен во Гостивар, Скопје, Штип и во Виница, да мапираат невработени Ромки, да ги пријават во Агенцијата за вработување и да ги мотивираат да се вклучат во активните мерки за вработување. Организиравме обука за јакнење на нивните капацитети и детално запознавање со мерките од НОП за вработување;
- Организиравме директни средби со раководителите и вработени во Центрите за вработување и Центрите за социјална работа во Гостивар, Штип и во Виница, со цел воспоставување локални мрежи за поддршка при вработување;
- Спроведовме позитивна кампања за вработување Ромки;
- Организиравме Национална конференција за застапување и споделување добри практики за вработување Ромки.

РЕЗУЛТАТИ:

- За период од 6 месеци, контакт-лицата на терен мапираа 245 невработени Ромки; вкупно 108 Ромки беа пријавени како активни барателки на работа во Агенцијата за вработување; 71 Ромки се вклучија во дел од активните мерки за вработување кои се дел од Националниот оперативен план за вработување на АВРСМ; а дури 25 Ромки успешно се вработија со нивната поддршка;
- Вкупно 47 Ромки беа опфатени со 4 информативни работилници „Зошто е важно формалното вработување“ кои контакт-лицата ги спроведоа во Гостивар, Скопје, Штип и во Виница;
- Подготвивме и на терен дистрибуиравме 1 000 флаери „Градиме кариери, не стереотипи“;
- Воспоставивме локални мрежи за вработување Ромки, составени од контакт-лицата за работа на терен, раководителите на Центрите за вработување и Центрите за социјална работа и нивни вработени;
- Спроведовме позитивна кампања насловена „Градиме кариери, не стереотипи“, преку која: креиравме лендинг-страница „Вработена Ромка = независна Ромка“; дизајниравме банери и инфографици; продуцираме видео со 3 успешни вработени Ромки;
- Снимивме и кратки видеа (reels) со Алмира Фазлии, Сибела Умеровска и Сабина Асанова; остваривме соработка со три локални медиуми и новинари („Гостивар прес“, ТВ Стар, М-Нет), кои објавија три пишани интервјуа со контакт-лицата за работа на терен;
- Спроведовме Национална конференција „Вработена Ромка = независна Ромка“, на која учествуваа клучните актери на оваа тема, кои подготвија препораки за системски промени и решенија.

ИДНИ ЧЕКОРИ:

- Промовирање на економските права и информирање на заедницата за мерките за вработување од Оперативниот план;
- Застапување на меѓународно ниво на темата, користејќи ги сите механизми (CESCR, CEDAW, UPR, EU).

ДОНАТОР:

- Фондација „Квина тил Квина“

245
мапирани невработени Ромки

108
Ромки пријавени во Агенцијата за вработување

71
Ромки дел од активните мерки за вработување

25
Ромки успешно се вработија

47
Ромки опфатени со 4 информативни работилници „Зошто е важно формалното вработување“







Национална конференција „Вработена Ромка = независна Ромка“, 17 септември 2024 година



Теренска работа на контакт-лицата, Штип 2024 година

ПРОГРАМА **РОДОВО ЗАСНОВАНО НАСИЛСТВО**



ПОДДРШКА ВО ЗАЕДНИЦАТА ПО МЕРКА НА ДЕЦАТА

ОПРАВДАНОСТ:

- Според Националната стратегија за деинституционализација, децата во ризик или во конфликт со законот се сместени во мали групни домови, каде што треба да добијат можности за учење конструктивни обрасци на однесување, со кои би ги замениле потенцијално престапничките и ризични однесувања;
- Мерката треба да биде приспособена на потребите на секое дете и да го мотивира да учествува во пријатни и интересни активности, овозможувајќи му да преземе контрола врз својот живот и да се реинтегрира во заедницата;
- Стратегијата за ментално здравје во Северна Македонија ја посочува важноста од обезбедување севкупна поддршка за децата и младите кои се соочуваат со предизвици во менталното здравје, вклучувајќи ги и оние кои можеби се изложени на ризик или се вклучени во престапничко однесување.



АКТИВНОСТИ:

- Потпишавме Меморандум за соработка со Универзитетската клиника за психијатрија – Скопје;
- Одржавме состаноци за координација и реализација на активностите со вработените од малите групни домови, Министерството за социјална политика, демографија и млади и УНИЦЕФ.

ПРОГРАМА РОДОВО ЗАСНОВАНО НАСИЛСТВО

РЕЗУЛТАТИ:

- Спроведени проценки со детски психијатар за 13 деца;
- Обезбедена поддршка од мобилни тимови со детски психијатри и клинички психолози за поддршка и следење на 6 деца;
- Направена проценка со 11 момчиња од малите групни домови за планирање работилници и вонучилишни активности според нивните потреби и интереси;
- Организирана работилница за момчињата од групните домови со клинички психолог и терапевт на тема справување со стрес и лутина;
- Во Првиот семеен центар обезбедени се индивидуални советувања и поддршка за 3 момчиња.

ИДНИ ЧЕКОРИ:

- Континуирана советувалишна поддршка од психолози, терапевти, во насока на грижата за менталното здравје на децата и превенција од насилство;
- Спроведување работилници за готвење, финансиска писменост и други теми од интерес на децата;
- Менторска и психолошка поддршка за вработените во малите групни домови во процесот на ревидирање и спроведување на индивидуалните планови за секое дете.

ДОНАТОР:

- УНИЦЕФ

13

спроведени проценки на деца

6

деца дадена поддршка од мобилни тимови со детски психијатри

11

направени проценки на момчиња од малите групни домови

3

момчиња се обезбедени со индивидуални советувања и поддршка

СЕ ГРИЖИМЕ – ОБЕДИНЕТИ ВО БОРБАТА ПРОТИВ СЕКСУАЛНОТО И РОДОВО ЗАСНОВАНОТО НАСИЛСТВО

ОПРАВДАНОСТ:

- Една од препораките на Комитетот CEDAW за нашата земја е приоретизација на донесувањето законодавство за справување со родово базираното насилство, признавање на родово базираното насилство како форма на дискриминација, градење обвинителски капацитети за Конвенцијата;
- Комитетот GREVIO ѝ препорачува на земјата: издавање насоки или стандардни оперативни процедури за родово чувствително постапување, фокусирано на жртвите на родово засновано насилство, формирање посебни единици во рамките на јавните обвинителства, зајакнување на капацитетите и на знаењето во однос на градењето случаи за сите форми на насилство.

АКТИВНОСТИ:

- Спроведено мапирање на тековните потреби и ресурси за справување со сексуално насилство од Јавното обвинителство, Комисијата за заштита и превенција од дискриминација и Одделот за компјутерски криминал;
- Пријавување случаи на сексуално насилство, вклучувајќи и онлајн сексуално вознемирување до полицијата, обвинителството и Комисијата за заштита и превенција од дискриминација за тестирање на институционалниот одговор.

РЕЗУЛТАТИ:

- Подготвена методологија и спроведено теренско истражување со претставници на МВР, Министерството за здравство, Министерството за социјална политика, демографија и млади, Јавното обвинителство, Комисијата за заштита и превенција од дискриминација;
- Континуирано нудење услуги за жртви на родово засновано насилство во Првиот семеен центар на ХЕРА и пријавување во институциите за нивна заштита.

ПРОГРАМА
РОДОВО
ЗАСНОВАНО
НАСИЛСТВО

ИДНИ ЧЕКОРИ:

- Следење и документирање на постапувањето при случаи на сексуално насилство, вклучувајќи и онлајн сексуално вознемирување, до полицијата, обвинителството и Комисијата за заштита и превенција од дискриминација;
- Студиска посета за обвинители во земја од Европската Унија со воспоставени добри практики во
- справувањето со случаи на родово базирано насилство, со фокус на сексуалното насилство.

ПАРТНЕРИ:

- Националната мрежа против насилство врз жени и семејно насилство, Реактор, Коалиција Маргини

ДОНАТОР:

- Европска комисија



РАБОТА СО СТОРИТЕЛИ НА НАСИЛСТВО, ЗА ПОГОЛЕМА ЗАШТИТА НА ДЕЦАТА

ОПРАВДАНОСТ:

- Во случаите на семејно насилство децата честопати се сведоци или индиректни жртви на насилството. Ова има сериозни последици врз нивното ментално здравје, образовните постигнувања и социјализацијата. Сведочењето или доживувањето насилство во семејството е ризик-фактор за децата да развијат трауми или насилни обрасци во своето однесување;
- Законот за спречување и заштита од насилство врз жените и семејно насилство и другите закони ги обврзуваат институциите да преземат мерки за заштита на жртвите, но и да работат со сторителите за да спречат повторување на насилството.

АКТИВНОСТИ:

- Обука за градење организациски капацитети за работа со сторителите на насилство фокусирана на безбедноста на деца;
- Мултисекторска обука за сензибилизирање на тимови од Центри за социјална работа, Пробација и даватели на услуги од здруженија на граѓани за работа со сторители на насилство фокусирана на безбедноста на децата.

РЕЗУЛТАТИ:

- 10 терапевти и психолози од тимот на ХЕРА добија обука за работа со сторители на насилство фокусирана на безбедноста на децата;
- Со мултисекторска обука за работа со сторители на насилство, за поголема заштита на децата, беа опфатени 19 професионалци од институциите.

ИДНИ ЧЕКОРИ:

- Континуирано следење и документирање на постапувањето при случаи на насилство со фокус на безбедноста на децата.

ДОНАТОР:

- Европска мрежа за работа со сторители на семејно насилство

10

терапевти и психолози добија обука за работа со сторители на насилство

19

професионалци добија мултисекторска обука за работа со сторители на насилство

ПРОГРАМА РОДОВО ЗАСНОВАНО НАСИЛСТВО





ЦЕНТАР ЗА СОВЕТУВАЊЕ И ПОДДРШКА НА МОМЧИЊА И МАЖИ



ОПРАВДАНОСТ:

- Законот за социјална заштита ги препозна здруженијата како потенцијални даватели на социјални услуги, доколку го поминат процесот на лиценцирање;
- Во Северна Македонија, мажите често се стигматизирани кога бараат помош за менталното здравје, што резултира со високи стапки на непроцесирани ментални состојби, депресија и самоубиства меѓу нив;
- Мажите играат значајна улога во семејствата и во општеството. Оттаму промовирањето ненасилно однесување и грижливо родителство создава позитивна средина за децата, кои ќе добијат примери за здраво однесување.

АКТИВНОСТИ:

- Психосоцијална поддршка во криза на момчиња и мажи;
- Психосоцијална поддршка на лица од ЛГБТИ-заедницата;
- Психосоцијален третман на сторители на семејно насилство;
- Дводневна работилница со стручни служби од основни и средни училишта.

РЕЗУЛТАТИ:

- Дводневна работилница со 18 претставници од стручни служби од училишта за психосоцијална поддршка и работа со момчиња и мажи во криза;
- Отворен е првиот Центар за советување и поддршка на момчиња и мажи (ММ центар);
- Организиране јавен настан „Грижата за себе и менталното здравје кај момчињата и мажите";
- Одржана е работилница за менталното здравје и спортот со учесниците на европското младинско првенство, во соработка со психолозите од ММ центарот и со Кошаркарската федерација на Македонија;
- Центарот за советување и поддршка на момчиња и мажи обезбеди 312 советувања за грижа за менталното здравје за 52 клиенти (39 мажи и 13 жени). Со психосоцијален третман за семејно насилство беа обезбедени 315 сесии со кои се опфатени 44 сторители на насилство;
- 34 лица од ЛГБТИ-заедницата (6 Ж, 22 М, 6 друго) добија советувалишна поддршка од терапевти.

18
претставници од стручни служби на дводневна работилница

312
советувања за грижа за менталното здравје

315
сесии со психосоцијален третман за семејно насилство

34
ЛГБТИ лица добија советувалишна поддршка

ИДНИ ЧЕКОРИ:

- Континуирана советувалишна поддршка од психолози, терапевти, во насока на грижата за менталното здравје на децата и превенција од насилство;
- Спроведување работилници за готвење, финансиска писменост и други теми од интерес на децата;
- Менторска и психолошка поддршка за вработените во малите групни домови во процесот на ревидирање и спроведување на индивидуалните планови за секое дете.

ДОНАТОРИ:

- Здружение за машки и родови прашања на Штаерска и Сојузно министерство за социјални прашања, здравство, грижа и заштита на потрошувачите на Австрија

ПРОГРАМА РОДОВО ЗАСНОВАНО НАСИЛСТВО














ЗАЈАКНУВАЊЕ НА КАПАЦИТЕТИТЕ ЗА ДАВАЊЕ КВАЛИТЕТНИ УСЛУГИ И ОБЕЗБЕДУВАЊЕ ОДРЖЛИВОСТ НА СЕРВИСИТЕ

ОПРАВДАНОСТ:

- Ограничената достапност на лиценцирани услуги и зголемената побарувачка ја нагласија потребата од зајакнување на поддршката и процесот на лиценцирање;
- Со овие активности се осигурува одржливост на квалитетните услуги и зголемена достапност за жртвите, и се придонесува кон долгорочен системски напредок.

АКТИВНОСТИ:

- Соработка и зајакнување на капацитетите на инспекциските служби и лиценцираните даватели на услуги, со цел заштита на жртвите на родово базирано и семејно насилство;
- Развиен е академски модул за родово базирано и семејно насилство, интегриран во наставата на Филозофскиот факултет;
- Учество на Балканскиот карван за регионална соработка и дијалог за борба против насилството и промоција на човековите права, со обединување на активисти и професионалци од Балканот.



ПРОГРАМА
РОДОВО
ЗАСНОВАНО
НАСИЛСТВО

РЕЗУЛТАТИ:

- ХЕРА како лиценциран давател на социјални услуги нуди услуги во Првиот семеен центар за сторители на насилство, жени и деца жртви на семејно и родово засновано насилство;
- 31 учесник од Социјалната инспекција и од Комисијата за лиценцирање беа вклучени во обука со фокус на подобрување на капацитетите за мониторирање и соработка со лиценцирани даватели на услуги, со цел да се осигурат стандарди за заштита на жртвите;
- Во партнерство со Филозофскиот факултет е развиен специјализиран модул за опремување на студентите по социјална работа со вештини за ефикасно работење со жртви на насилство;
- Првиот семеен центар на Град Скопје обезбеди 710 советувања за 89 жртви, 41 дете и 25 други членови на семејства погодени од родово базирано и семејно насилство, што укажува на зголемена достапност и користење на овие услуги.

ИДНИ ЧЕКОРИ:

- Поддршка на партнерските граѓански организации за добивање лиценци за обезбедување советодавни услуги за жртви на насилство и психосоцијален третман на сторители;
- Зголемување на достапноста на лиценцирани советодавни услуги за жртвите на родово базирано и семејно насилство.

ДОНАТОР:

- IRIS Progress

31

учесник од Социјалната инспекција и од Комисијата за лиценцирање на обука

710

советувања обезбеди Првиот семеен центар на Град Скопје







КАКО ДА ЗНАМ ДЕКА СУМ ЖРТВА НА НАСИЛСТВО ОД МОЈОТ СОПРУГ ИЛИ ПАРТНЕР?

- Те навредува и постојано те критикува;
- Принудно те изолира од твоите блиски, семејството и пријателите;
- Постојано го контролира твоето однесување и движење;
- Те заплашува и ти се заканува дека ќе те повреди тебе и твоите блиски;
- Те обвинува дека ти го предизвикуваш насилството;
- Те удира со раце, нозе и предмети;
- Ти удира шлаканици, те кубе или гребе;
- Те дави или штипе;
- Ти забранува да се вработиш или да работиш;
- Ти ги зема парите што ги заработуваш и ги троши за свои потреби;
- Не ти дава информации за семејните приходи;
- Ги уништува твоите лични предмети;
- Ти го одзема телефонот или ти ги проверува пораките;
- Те присилува на секс против твоја волја.



АКО ОДГОВОРИ СО „ДА“ НА БАРЕМ ЕДНА ИЗЈАВА, ТОГАШ СИ ЖРТВА НА НАСИЛСТВО ОД ТВОЈОТ СОПРУГ ИЛИ ПАРТНЕР.

ПРИСТАП ДО ПРАВДА И ЧОВЕКОВИ ПРАВА

ОПРАВДАНОСТ:

- Во Северна Македонија, ЛГБТИ-заедницата и други маргинализирани групи честопати се соочуваат со дискриминација и стигматизација при пристапот до услуги за поддршка и правда;
- Интерсекцискиот пристап во обучувањето тимови и терапевти е потребен за да се создадат инклузивни, професионални и сензитивни услуги кои се безбедни за заедницата и ги почитуваат правата на сите;
- Иако Северна Македонија има законодавна рамка за заштита од РЗН, во пракса постојат недостатоци при спроведувањето. Жртвите често немаат пристап до специјализирани советувалишни услуги кои нудат психолошка, правна и социјална поддршка.

АКТИВНОСТИ:

- Обука за тим на ХЕРА и терапевти за работа со ЛГБТИ-заедницата и обезбедување инклузивни и квалитетни услуги за родово засновано насилство;
- Обезбедување специјализирани советувалишни услуги за жртви на родово засновано насилство;
- Мултисекторска обука за работа со жртви на овој тип насилство.



ПРОГРАМА РОДОВО ЗАСНОВАНО НАСИЛСТВО

РЕЗУЛТАТИ:

- 20 претставници од полицијата, центрите за социјална работа, здравствените установи и граѓанскиот сектор учествуваа во обуката, со што се зајакна нивната способност за координирано и ефективно постапување според мултисекторскиот протокол за родово базирано и семејно насилство;
- Успешно обучени 11 терапевти и психолози од Првиот семеен центар за работа со ЛГБТИ-заедницата и обезбедување инклузивни и квалитетни услуги;
- Обезбедени се психосоцијално советување и поддршка и правно советување за жртвите на насилство, овозможувајќи им пристап до клучни ресурси и помош во надминување на траумите и заштита на нивните права;
- Потпишан е меморандум за соработка со Народниот правобранител и подготвено е видео на знаковен јазик за надлежностите поврзани со остварување на правата на граѓаните.

ИДНИ ЧЕКОРИ:

- Континуирано обезбедување услуги за жртвите на родово базираното и семејното насилство, со цел нивно зајакнување и унапредување на пристапот до квалитетни услуги;
- Организација на дополнителни обуки за мултисекторскиот протокол и вклучување поголем број учесници од полицијата, центрите за социјална работа и здравствените установи.

ДОНАТОР:

- УСАИД



20

претставници од полицијата, центрите за социјална работа, здравствените установи и граѓанскиот сектор учествуваа во обуката

11

обучени терапевти и психолози од Првиот семеен центар за работа со ЛГБТИ-заедницата

ПРОГРАМА РОДОВО ЗАСНОВАНО НАСИЛСТВО









СТУДИЈА НА СЛУЧАЈ

СЕОПФАТЕН ПРИСТАП ЗА ПОДДРШКА – НЕ СИ САМА


Клиентката е 50-годишна жена, Македонка, жртва на физичко и психичко насилство од страна на својот партнер, со кого е во петгодишен партнерски однос. Насилството од партнерот започнало на почетокот од нивната врска, поточно по третиот месец. Клиентката и нејзиниот партнер работеле на исто работно место, при што таа секојдневно почнала да добива закани по живот доколку одлучи да го напушти или, пак, ако го пријави насилството.

Во април 2024 година клиентката, поради голем страв за својот живот, зела боледување и заминала да живее кај мајка си, но и покрај прекинот на контактот со партнерот, не ѝ се намалил стравот.

Со силен паничен напад, клиентката се јави во Првиот семеен центар, при што беше веднаш вклучена во советувалишен процес со психотерапевтите за жртви на насилство. Во текот на советувалишниот процес клиентката се охрабри да го пријави случајот во Центарот за социјални работи и да бара изрекување мерки за нејзина заштита. Партнерот на клиентката беше упатен на задолжителен психосоцијален третман за сторители на семејно насилство, кој го помина успешно. Доби прераспределба на работното место и веќе нема контакт со клиентката. Клиентката преку помошта и поддршката од советувалишниот процес успеа да се врати на своето работно место, се охрабри да продолжи да живее сама, да ги обнови социјалните контакти и без страв да го напушта својот дом.

Клиентката сè уште работи со советувачи во Првиот семеен центар за да ја надмине траумата и да си ги подобри менталното здравје и емоционалната благосостојба.

ПРОГРАМА **РОДОВА ЕДНАКВОСТ И ДЕМОКРАТИЈА**



ПРОЕКТ „ЗАЕДНО ЗА РОДОВА ЕДНАКВОСТ: ГРАДЕЊЕ ПОДДРШКА ЗА РОДОВО ИНКЛУЗИВНИ ПОЛИТИКИ“



ОПРАВДАНОСТ:

- Како резултат на постојните стереотипи и предрасуди и ширењето на лажни вести и дезинформации е зголемена поларизираноста во јавноста во однос на темата родова еднаквост;
- Родовата еднаквост е препознаена како една од Целите за одржлив развој и нашата земја како членка на Обединетите нации има обврски да создаде услови за остварување на овие цели;
- Не постои сеопфатен пристап за развој на родово одговорни политики, ниту соодветна методологија за вклучување на родовата еднаквост и социјалната инклузија (РЕСИ) при креирањето јавни политики.

АКТИВНОСТИ:

- Воспоставување лидерска група за родова еднаквост во која се вклучија 50 претставници од политичките партии, академската и бизнис-заедницата, културата, граѓанските организации, верските организации и од медиумите;
- Одржана работилница за градење капацитети и заедничко настапување на теми поврзани со родовата еднаквост и социјалната инклузија (РЕСИ);
- Адаптирана методологија за родова еднаквост и социјална инклузија (РЕСИ) со изработени алатки за проценка на политиките, како и алатки за нивно спроведување и оценка на национално ниво;
- Формирана институционална група од претставници од релевантните министерства, Генералниот секретаријат и Собранието, кои ги користат РЕСИ-алатките за проценка на три избрани области и законски решенија (Законот за заштита на децата, Законот за здравствено осигурување и Законот за средно образование);
- Спроведена анализа на жени на високи раководни функции и спроведено репрезентативно истражување за ставовите и перцепциите на граѓаните, со фокус на младите; Остварено субгрантирање на 4 граѓански организации за тереснки локални активности за зголемување на свеста за родовата еднаквост.

ПРОГРАМА РОДОВА ЕДНАКВОСТ И ДЕМОКРАТИЈА

РЕЗУЛТАТИ:

- Формирана институционална група со номинирани 15 претставници од министерствата за здравство; за социјална политика, демографија и млади; за образование и наука; за јавна администрација и Генералниот секретаријат на Владата и Собранието;
- Креирани 3 РЕСИ-алатки за проценка на оправданоста на политиките/регулативата, проценка на спроведувањето и евалуација на тековните политики;
- Пилотирана методологијата РЕСИ на 3 тековни законски решенија во здравството, социјалната политика и образованието;
- Изготвени документи за креирање јавни политики со наоди и препораки за подобрување на регулативата во избраните области.

ИДНИ ЧЕКОРИ:

- Градење капацитети на професионалците од администрацијата во министерствата за користење на методологијата РЕСИ во својата работа при креирање на новите политики;
- Интеграција на РЕСИ-алатките во рамките на процесот на влијанието на политиките (ПВР) во партнерство со релевантните министерства и институции;
- Кампања за промена на постојните стереотипи и предрасуди поврзани со родовата еднаквост.

ДОНАТОР:

- Британска амбасада Скопје



15

претставници кои формираа институционална група

3

РЕСИ-алатки

50

лица од различни општествени сектори се вклучија во лидерската група за родова еднаквост




HERA



КОМУНИКАЦИЈА, МЕДИУМИ И ПУБЛИКАЦИИ



НОВА ОРГАНИЗАЦИСКА КОМУНИКАЦИСКА СТРАТЕГИЈА







Во 2024 година заедно со персоналот, управниот одбор и волонтерите изработивме нова стратегиска комуникација за клучните програми во согласност со Организацискатa стратегија 2023–2028 година.

Ти и јас, во еден глас за...

...слобода на избор

...сеопфатно сексуално образование

...за родова еднаквост

ПРОГРАМА „МЛАДИНСКО УЧЕСТВО“







Промени ја сликата.

Ти си разликата.

ПРОГРАМА „СЕКСУАЛНА И РЕПРОДУКТИВНА ГРИЖА“









Твое право да
се чувствуваш
здраво.

НАЦИОНАЛНА КАМПАЊА „ВО ИСТ РИТАМ“

Во 2024 година ја спроведовме Националната кампања „Во ист ритам“, која се фокусира на младите како целна група на која ѝ е потребна значителна поддршка, солидарност, грижа за добросостојбата и поттик за поголемо учество во општествените процеси. Кампањата има за цел да ја информира јавноста за придобивките од родово сензитивното образование, кое вклучува и сексуално образование и политики за поддршка на родовата еднаквост во земјата.

Кога сите млади имаат еднакви услови за учење, за изразување и личен раст, тие можат да ги ослободат своите потенцијали и да придонесат кон градење посилно и поинклузивно општество. Нивниот глас треба да биде слушнат, идеите да им бидат прифатени и нивните права да бидат заштитени. Неопходно е сите млади луѓе да имаат можност да се развиваат во ист ритам, бидејќи на тој начин се создава силна основа за иднината на нашата заедница.



Кампањата вклучуваше подготовка на 5 видеа за родова еднаквост и 2 кратки видеа (reels) на социјалните медиуми, 10 инфографици, промоција на кампањата на билборди во Скопје, Кавадарци и во Гостивар, емитување на главното видео на КТВ, ТВ МРТ, Телма и Алсат, гостувања во ТВ-емисии.

Вкупно 231 776 опфатени корисници и 521 481 импресии преку фејсбук-страницата на ХЕРА. На Инстаграм вкупно 13 975 опфат/прегледи преку ХЕРАмлади.

Вкупно 286 849 индивидуи (22% од популацијата го виделе видеото најмалку еднаш), а 236 321 го виделе два пати.



- Изјава на младински претставник на ХЕРА – Видео
- Изјава на амбасадорката на Кралството Холандија – Видео
- Изјава на програмската директорка на ХЕРА – Видео



ВИДЕО 1



ВИДЕО 2



ВИДЕО 3



ВИДЕО 4

ПРОСТОР ЗА РАЗГОВОР: ЗА ЈАКНЕЊЕ НА РОДОВАТА ЕДНАКВОСТ, НА КУЛТУРНАТА СЦЕНА ВО ШЕСТ ГРАДОВИ



Во периодот од 20 мај до 10 јуни во соработка со културниот центар „Интерарт“ спроведовме серија културни настани „Простор за разговор“ за подигнување на свеста за родовата еднаквост. Целта на настаните е преку уметност, танц, театар и филм, сплотени во еден перформанс, изведен од танчарите на „Скопје танцовиот театар“ да го зацврстиме чувството на припадност кон заедницата, да ги искорениме стереотипите и да ги зајакнеме младите, маргинализираните и социјално ранливите лица.

Преку активна вклученост на публиката и интеракција беа споделени лични искуства, вистински приказни на лица од нашето опкружување и соочувањето со родовата нееднаквост која постои. Истовремено, преку дискусиите за време на настаните градиме силни заедници кои ја разбираат важноста на почитувањето на правото на еднаквост како главен предуслов за мир и развој во средината во која живееме. Сите сакаме здраво, хумано и грижливо општество во кое младите се информирани, слушнати и поддржани преку разбирање и прифаќање на родовата еднаквост, која е основа за слободен израз и за остварување на сечиј потенцијал. Над 360 млади и претставници од локалните заедници ги посетија настаните.








Овие настани се дел од проектот „Простор за разговор“ поддржан од Германија преку Германското друштво за меѓународна соработка (ГИЗ) во рамките на регионалниот проект за социјално вклучување ранливи групи во Западен Балкан.

ПРОГРАМА „РОДОВО ЗАСНОВАНО НАСИЛСТВО“







Молкот **не е** одговор...

...против родово засновано насилство

...кога се соочуваме со врсничко насилство

...кога имаме проблеми со менталното здравје

НОВА ВЕБ-СТРАНИЦА „РОДИТЕЛСКА“


WWW.RODITELSKA.MK

Во 2024 година ХЕРА, заедно со стручните лица и соработници ја подготви новата страница „Родителска“. Оваа платформа е посветена на поддршка на родителите да бидат посуптилни и понасочени во важните, а понекогаш и предизвикувачки разговори за сеопфатното сексуално образование во рамките на семејството.

Нашата мисија со „Родителска“ е да им обезбедиме на родителите ресурси и доверба потребни за ефективно да комуницираат со своите деца на теми поврзани со сексуалното образование. Ние разбираме дека секое семејство е уникатно и нашата цел е да понудиме избор на материјали кои одговараат на различните потреби и преференци.

„Родителска“ нуди колекција на ресурси (видеа, брошури, образовани материјали итн), прецизно подготвени од светски и од локални експерти од областа на педагогијата, психологијата, социјалната работа, медицината. Овие ресурси се достапни во повеќе формати за да се обезбеди пристапност и леснотија на користење.


7 родителски средби на 7 теми:



ВИДЕО на тема МЛАДИТЕ И ВРСКИТЕ

На оваа родителска средба, психологот Ана Попризова дискутира за врските меѓу младите, начинот на кој тие комуницираат меѓу себе и се поврзуваат, влијанието на социјалните мрежи, што се контролирачки врски и слично.

Темата „ВРСКИ“ е дел од материјалот што се изучува во рамките на ССО. Во склоп на ова поглавје младите имаат можност да се запознаат и со темите за социјални врски, љубов, блискост, романтични врски во адолесценцијата и согласност за сексуален однос.



ВИДЕО на тема МЛАДИТЕ И СЛИКАТА ЗА СОПСТВЕНОТО ТЕЛО

На оваа родителска средба, психологот Зорица Николова дискутира за себеси во периодот на раната адолесценција, за кревкоста на сликата за сопственото тело, телесната дисморфија и за тоа како социјалните медиуми влијаат врз перцепцијата за сопствениот изглед.

Темата ТЕЛОТО И СЛИКАТА ЗА ТЕЛОТО е дел од материјалот што се изучува во рамките на ССО. Во ова поглавје младите имаат можност да се запознаат и со притисокот за постигнување идеално тело, со родовите идеали и медиумите, и за последиците од конформирање со нереалистични идеали на „убавина“.



ВИДЕО МЛАДИТЕ И СЕКСУАЛНОТО И РЕПРОДУКТИВНО ЗДРАВЈЕ

На оваа родителска средба, Нада Тофоска дискутира за тоа колкав процент од младите користат, односно не користат контрацепција, за малолетничката бременост, како и за порастот на сексуално преносливите инфекции.

Темата СЕКСУАЛНО И РЕПРОДУКТИВНО ЗДРАВЈЕ е дел од материјалот што се изучува во рамките на ССО. Во составот на ова поглавје младите имаат можност да се запознаат со сексуално преносливите инфекции (СПИ), контрацепцијата и контрацептивните методи, како и тинејџерската бременост.



ВИДЕО МЛАДИТЕ И РОДОВИТЕ СТЕРОТИПИ

На оваа родителска средба, психологот Маја Цветановска дискутира за родовите стереотипи, родовите улоги и влијанието што го имаат притисоците врз нив.

Темата РОД е дел од материјалот што се изучува во рамките на ССО. Во ова поглавје младите имаат можност да се запознаат со термините *пол, род, родов индентитет, родови идеали, сексуална ориентација* и нивното значење.



ВИДЕО МЛАДИТЕ И СЕКСУАЛНИТЕ И РЕПРОДУКТИВНИ ПРАВА

На оваа родителска средба, Андријана Папиќ Манчева дискутира за основните човекови права, за тоа кои се сексуалните и репродуктивни права и за нивното почитување.

Темата ГРАЃАНСКИ АСПЕКТИ НА СЕКСУАЛНОСТА И РЕПРОДУКЦИЈАТА е дел од материјалот што се изучува во рамките на ССО. Во ова поглавје младите имаат можност да се запознаат со сексуалните и репродуктивните права, прекршувањето на сексуалните и на репродуктивните права и системот на институционална заштита – институционалните механизми за остварување на граѓанските права во делот на сексуалноста и сексуалното образование.



ВИДЕО МЛАДИТЕ И СЕКСУАЛНОТО ОДНЕСУВАЊЕ

На оваа родителска средба, Снежана Матовска дискутира за личните искуства и предизвиците со кои се соочуваат родителите при едукација и разговор со своите деца на темите врзани со сексуалното и репродуктивно здравје.

Темата СЕКСУАЛНОСТ е дел од материјалот што се изучува во рамките на ССО. Во ова поглавје младите имаат можност да се запознаат и со поимите и значењето на *сексуалност и култура, сексуална желба и задоволство и сексуална согласност*, како клучен термин кој треба да се разбере и примени.



ВИДЕО МЛАДИТЕ И ВРСНИЧКОТО НАСИЛСТВО

На оваа родителска средба, врсничките едукаторки Теодора и Наталија дискутираат за искуствата што ги имаат од едукациите за ССО, работата со млади, како и адресирањето на проблемите со сексуално вознемирување меѓу младите .

Темата НАСИЛСТВО е дел од материјалот што се изучува во рамките на ССО. Во ова поглавје младите имаат можност да се запознаат со тоа што е насилство, кои видови насилство постојат, што е сексуално вознемирување и видовите сексуално вознемирување типични за училишниот контекст.

ПОТКАСТИ 2024

ПОТКАСТ „ТИВКА ВРЕВА“

„Тивка врева“ е поткастот во кој дигавме врева за темите за кои често се молчи. Ова е просторот каде што се отвораа важни но занемарени прашања поврзани со сексуалното образование, менталното здравје и општествените табуа.

Во овој поткаст, Петар Младеновски – Пеце разговараше со јавни личности, но и со доктори, психолози, социјални работници и други експерти, кои со своето знаење и искуство ни помогнаа да ги разбереме и осветиме овие теми. Во секоја епизода, низ отворени и искрени разговори, се разбиваа митови, се рушеа стереотипи и силно се поттикна дебатата за прашања од клучна важност за личниот и за општествениот развој.



ВИДЕО „ТИВКА ВРЕВА“ – МАШКО МЕНТАЛНО ЗДРАВЈЕ



ВИДЕО „ТИВКА ВРЕВА“ – МАЛОЛЕТНИЧКА БРЕМЕНОСТ



ВИДЕО „ТИВКА ВРЕВА“ – БУЛИНГ



ВИДЕО „ТИВКА ВРЕВА“ – СЕКСИЗАМ0 И ФЕМИНИЗАМ



ВИДЕО „ТИВКА ВРЕВА“ – СЕКСУАЛНО ВОЗНЕМИРУВАЊЕ ВО УЧИЛИШТЕ



ВИДЕО „ТИВКА ВРЕВА“ – СЕКСУАЛНА (НЕ)ПИСМЕНОСТ



ВИДЕО „ТИВКА ВРЕВА“ – ОДНОСИ И ВРСКИ



ВИДЕО „ТИВКА ВРЕВА“ – СЕКСУАЛНО ПРЕНОСЛИВИ ИНФЕКЦИИ

ПОТКАСТ „ПИНК ХРОНИКА“

Во поткастот „Пинк хроника“ ги отворивме страниците за вистинските приказни за родовата еднаквост. Тука, Ева Цветковска и Јана Сотировска, заедно со јавни личности, зборуваа отворено за предизвиците, стереотипите и успесите поврзани со оваа тема. Фокусот врз културата и другите општествени прашања овозможи простор за инспирација и развивање на свеста за потребните промени.

Во секоја епизода, преку автентични разговори и лични искуства, ги истражувавме корените на нееднаквоста и предизвиците со кои се соочуваат жените и маргинализираните групи, но и можностите за создавање поправедно и поинклузивно општество. „Пинк хроника“ е повик за промена – да размислуваме, да разговараме и да дејствуваме. Сакаме да покажеме зошто родовата еднаквост не е само прашање на права, туку е и темел за напредок!



ВИДЕО „ПИНК ХРОНИКА“ – РОДОВА ЕДНАКВОСТ ВО ПОЛИТИКАТА



ВИДЕО „ПИНК ХРОНИКА“ – ЕСТЕТСКИ КОРЕКЦИИ

ПОТКАСТ „СЕКСИ МААЛО“

„Секси Маало“ е поткаст наменет за младите да зборуваат гласно и храбро за темите што ги засегаат! Ова е простор подготвен и воден од волонтерската група „ХЕРА Млади“, каде што дискутираме за демократија, родова еднаквост, за правата и вредностите што го градат нашето општество.

Секоја епизода содржи отворени разговори, искрени размислувања и интересни гости – сè со цел да ги инспирираме и поттикнеме младите да размислуваат критички, да постапуваат свесно и да создадат заедница што ги почитува различностите. Тука ги отвораме темите што ја обликуваат нашата сегашност и ја градат нашата иднина!



ВИДЕО – ЕКО-АНКСИОЗНОСТ



ВИДЕО – РОДОВАТА ЕДНАКВОСТ ВО МУЗИКАТА



ВИДЕО – КАКО ДА СЕ СПРАВИТЕ СО СТРЕСОТ ОД ИСПИТИ ВИДЕО – ПСИХОЛОШКА ПОДДРШКА ВО УЧИЛИШТАТА



ВИДЕО – СЕКСУАЛНО И РЕПРОДУКТИВНО ЗДРАВЈЕ

„AMAZE“ ВИДЕА


Соработката помеѓу ХЕРА и AMAZE вклучува обработка и адаптација на видеа со текст на македонски. Темите се опфатени во компонентите на сеопфатното сексуално образование. AMAZE ги создава овие видеа за да им обезбеди на младите адолесценти ширум светот медицински прецизно, соодветно на возраста, афирмативно и отворено сексуално образование до кое може да пристапат онлајн – без разлика каде живеат или во кое училиште одат. Овие видеа им помагаат на родителите, наставниците, медицинските лица и на сите што се во секојдневен контакт со младите луѓе, да разговараат продуктивно, емпатично и искрено за сексуалното и репродуктивно здравје и права.

Оваа соработка, која користи иновативни анимации и образовни содржини, служи да ја зголеми свеста и да поттикне отворени дискусии. Пристапот до точни информации е клучен за развојот на здрави ставови и вредности кај младите. Затоа, се стремиме да создадеме поддржувачка средина и едноставен пристап до ресурси кои ќе им помогнат на семејствата да разговараат на темите поврзани со сеопфатното сексуално образование. Така придонесуваме младите да живеат во опкружување со достапни информации за нивното здравје и благосостојба.



ВИДЕО „СÈ ШТО ТРЕБА ДА ЗНАЕШ ЗА МЕНСТРУАЦИЈАТА“

За време на пубертетот, девојчињата почнуваат да добиваат менструални циклуси. Кога девојчето ќе ја добие првата менструација, тоа сигнализира дека нејзиното тело почнало да овулира и дека ако има незаштитен секс, може да забремени.



ВИДЕО „СИЛЕЏИСТВО: КАКО БЕЗБЕДНО ДА ПОМОГНЕШ НЕКОМУ“

Справувањето со насилниците е деликатна работа, а не е ни лесно да се процени што точно треба да се прави кога сте сведок на насилство. Не морате да бидете суперхерој за да поддржите некого кој е малтретиран. Дури и едноставната помош за малтретираниот, може да биде многу значајна. Помагајте ја жртвата и немојте да правите лажни симетрии.



ВИДЕО „МАШКИТЕ РОДОВИ СТЕРЕОТИПИ НА ТЕСТ“

Тешко е да бидете свои кога сте под притисок да се однесувате на одреден начин. Веројатно ќе слушнете различни мислења за тоа како постапуваат „вистинските“ момчиња и девојчиња. И може да се почувствувате лошо ако не ги исполнувате тие стандарди.




ВИДЕО „СОГЛАСНОСТ И КОМУНИКАЦИЈА“

Барањето согласност и давањето согласност за секое однесување е многу важно. Имате право да кажете „не“ на секое однесување во кое не сакате да се вклучите, од која било причина, а партнерот/ката мора да ја почитува вашата одлука.



ВИДЕО „КАКО ДА СЕ СПРАВИШ СО МИНАТА СЕКСУАЛНА ЗЛОУПОТРЕБА“

Справувањето со последиците од сексуалната злоупотреба може да биде непријатно. Во таква ситуација, луѓето доживуваат различни емоции. Притоа, важно е да знаете дека не сте сами.



ВИДЕО „ЗОШТО ДРУГАРСТВОТО ПРЕКИНУВА“

Зошто луѓето понекогаш престануваат да бидат пријатели ако сè уште си се допаѓаат и добро се согласуваат? Што правите кога една личност сака да биде пријател, а другата не? Кои се добри начини да разговарате за своите чувства со вашите пријатели?



ВИДЕО „ХИВ: КАКО ДА СЕ ЗАШТИТИШ СЕБЕСИ И ДРУГИТЕ“

ХИВ е вирусот што предизвикува СИДА. ХИВ се смета за сексуално пренослива болест (СПБ), бидејќи може да се шири преку одредени сексуални однесувања. Ова значи дека ХИВ не може да се шири преку ракување, гушкање или бакнување. Погледнете го целосно видеото за да дознаете повеќе!



ВИДЕО „СЕКСУАЛНА ИЗНУДА: ПРИНУДА И УЦЕНУВАЊЕ ПРЕКУ ИНТЕРНЕТ“

Изнудувањето, понекогаш наречено „онлајн уцена“, е ситуација во која некое лице се заканува дека ќе сподели експлицитни (голи или сексуални) слики, приватни или засрамувачки информации на интернет. Уценувачот може и да заплашува дека ќе наштети некому доколку уценуваното лице не ги следи барањата.



ВИДЕО „КАКО ДА ЗНАЕШ ДАЛИ СИ ВО ТОКСИЧНА ВРСКА?“

Токсичната врска била пријателска или романтична врска која станала повредувачка и лоша. Запомнете, доколку вие или некој што го познавате се соочува со ова, неопходно е да побарате помош и поддршка.

Разговарајте со родител, наставник или пријател. Запомнете, вашата благосостојба е важна и заслужувате да бидете во среќна врска.




ВИДЕО „ЗАДЕВАЊЕ: НЕ Е САМО БЕЗОПАСНА ЗАБАВА“

Задевањето на прв поглед изгледа разиграно и безопасно. Но, вербалното или физичкото задевање не е во ред и не е здрав начин да покажете некому дека (не) ви се допаѓа. Без оглед на тоа зошто некој задева некого, оваа навика лесно може да ја премине границата и да стане постојано малтретирање и вознемирување,. Вербалното задевање, допирањето други луѓе без нивна дозвола и, воопшто, малтретирањето не се во ред.



ВИДЕО „БЕЗБЕДНОСТ ОНЛАЈН: ИНТЕРНЕТОТ ПРОТОЛКУВАН“

Онлајн сме цело време. И понекогаш наидуваме на информации за кои не сме сигурни дека се вистинити. Дури може да се почувствуваме вознемирени од информациите што ги добиваме (или не ги добиваме) на училиште или во нашата заедница, поврзани со нашиот изглед, врски и слично, па сакаме самите да ги истражиме фактите.



ВИДЕО „ОДБИВАЊЕ: НА СИТЕ НИ СЕ СЛУЧУВА“


Соочувањето со отфрлање е нормален дел од животот. Без разлика дали не ја добивте улогата што ја посакувавте или партнерот/ката раскина со вас, тоа им се случува на сите. Најважно е справувањето со тоа. Може да се чувствувате непријатно ако сте одбиени. Но, можете и нешто да направите кога се чувствувате повредени или лути поради одбивањето. Иако сте вознемирени, почитувајте ја одлуката на другата личност. Можете и да се фокусирате на себеси, да разговарате за своите чувства со некого во кого имате доверба и да направите нешто забавно за да го тргнете умот од фрустрацијата.

И не заборавајте да продолжите да бидете свои. Само оти една работа не функционира како што сте планирале, не значи дека не можете да ризикувате за други работи во иднина!



ВИДЕО „ШТО Е СЕКСУАЛЕН НАПАД?“

Што е сексуален напад? Зборувањето за сексуална согласност може да биде неугодно, но исклучително е важно да се разбере кои однесувања се категоризираат како сексуален напад. Погледнете го видеото за да дознаете повеќе.



ВИДЕО „ТИНЕЈЏЕРСКА ВОЗНЕМИРЕНОСТ: ДАЛИ Е НОРМАЛНО?“

Кога сте во предтинејџерска или тинејџерска возраст, може да имате промени во расположението – кога чувствата на една личност се многу интензивни и променливи. Може да се чувствувате нерасположени, лути, неочекувано да се расплачете, а потоа да се чувствувате добро или среќно. Овие промени во расположението, предизвикани од промените на хормоните, се сосема нормална појава за време на пубертетот, наречена тинејџерска вознемиреност.



ВИДЕО „ШТО Е СЕКСУАЛНО ВОЗНЕМИРУВАЊЕ?“

Сексуално вознемирување е вид малтретирање со цел да повреди или да заплаши некого. Ако ви се случило ова, кажете му некому кому му верувате – на родител, член на семејството, наставник, сосед, или на пријател. Ако личноста на која сте ѝ се довериле не направи ништо, кажете му на некој друг кому му верувате. Бидете отворени со возрасните во кои имате доверба додека не добиете совет како да се надмине проблемот.

ВИДЕА ЗА СЕОПФАТНО СЕКСУАЛНО ОБРАЗОВАНИЕ



ВИДЕО: АЈШЕ АЈРУЛАИ, БИРО ЗА РАЗВОЈ НА ОБРАЗОВАНИЕТО



ВИДЕО: ШЕРУЗЕ ОСМАНИ БАЛАЖИ, ТЕТОВСКИ УНИВЕРЗИТЕТ

Заради приближување на содржините на СОО и споделување на фактите поврзани со овој тип образование, изработивме и објавивме 10 видеа на социјалните мрежи во кои експертите, вклучени непосредно во развојот и во спроведувањето на овие содржини, зборуваат за СОО и потребата од него. Видеата вклучуваат интервјуа со експерти, ставови од наставници и изјави од говорници на дебати, нагласувајќи ја важноста на сексуалното образование во училиштата. Посебните видеа ги пренесуваат најсилните изјави од различни засегнати страни, поттикнувајќи ангажираност на социјалните мрежи.

Кампањата достигна 65 676 импресии и преку 45 000 опфат, обезбедувајќи трајни алатки за застапување за СОО и родовата еднаквост. Видеата продолжуваат да инспирираат јавна поддршка за формално воведување на СОО во образовниот систем.




ВИДЕО: РОН ЃИНОВЦИ, ОРКА – КОСОВО



ВИДЕО: БОЖО БУБАЛО, НАСТАВНИК




ВИДЕО: Г. СИРИЛ БОМГАРТНЕР, АМБАСАДОР НА ФРАНЦИЈА ВО РСМ



ВИДЕО: АНКИЦА ДЕКОВ, НАСТАВНИЧКА




ВИДЕО: ГОРДАНА БЛАЖЕСКА-СПИРИДОНОВА, ДСУ „НИКОЛА КАРЕВ“



ВИДЕО 1: ТАМАРА ЌУПЕВА, ИНСТИТУТ ЗА МАКЕДОНСКА ЛИТЕРАТУРА

ВИДЕО 2: ТАМАРА ЌУПЕВА, ИНСТИТУТ ЗА МАКЕДОНСКА ЛИТЕРАТУРА



ВИДЕО: АЈШЕ АЈРУЛАИ, БИРО ЗА РАЗВОЈ НА ОБРАЗОВАНИЕТО

ТИ И ЈАС ВО ЕДЕН ГЛАС ЗА РОДОВА ЕДНАКВОСТ



Формирана лидерска група за родова еднаквост: родовата еднаквост е приоритет за целото општество

На 10 јули ХЕРА ја формира лидерската група за родова еднаквост чија цел е да ја намали поларизираноста на гледиштата за родовата еднаквост во земјата, да се изнајдат решенија за создавање на подобри политики, да се донесат одлуки и соодветни законски решенија кои ќе придонесат за унапредување на родовата еднаквост.

Во лидерската група членуваат 50 социјално активни луѓе во земјава од повеќе сектори, како претставници на политички партии и носители на јавни функции, креатори на политики, граѓански организации, претставници на академската заедница, бизнис-секторот, културата и медиумите и релегиозните заедници.


Што кажаа
за родовата
еднаквост
членовите на
лидерската
група?



ВИДЕО 1



ВИДЕО 2



ВИДЕО 3



ВИДЕО 4



ВИДЕО 5



ВИДЕО 6

ЕВРОПСКА НЕДЕЛА НА ХИВ-ТЕСТИРАЊЕ

Оваа година, во партнерство со Министерството за здравство, во јуни и во ноември ги организиравме пролетната и есенската недела на ХИВ-тестирање. Целта беше да се зголеми свеста за важноста на навременото тестирање за ХИВ.

По повод 1 декември – Светскиот ден за зголемување на свеста за ХИВ, во партнерство со Институтот за јавно здравје и средното медицинско училиште „Панче Караѓозов“, организиравме прес-конференција „Превенцијата од ХИВ е клучна затоа што здравјето е право, а не привилегија“ и едукација за учениците, за подигнување на свеста за превенцијата од ХИВ и поддршка на луѓето што живеат со ХИВ.






ВИДЕО



ГРАДИМЕ КАРИЕРИ, НЕ СТЕРЕОТИПИ

ЛЕНДИНГ-СТРАНИЦА



Во периодот од јули до септември ја спроведовме националната кампања „Градиме кариери, не стереотипи. Затоа што отворениот ум гледа отворени можности“. Целта на оваа кампања беше подигнување на свеста за предизвиците при вработувањето со кои се соочуваат Ромките, фокусирајќи се на нивниот неискористен потенцијал во работната сила. Преку комбинирање на фактички податоци и инспиративно раскажување приказни, се стремевме да промовираме инклузивност и да инспирираме акција за подобрување на можностите за вработување на жените Ромки. Оттука, нашите напори беа насочени кон:

- ПОДОБРУВАЊЕ НА МОЖНОСТИТЕ ЗА ВРАБОТУВАЊЕ НА ЖЕНИТЕ РОМКИ;
- ЗГОЛЕМУВАЊЕ НА УЧЕСТВО НА РОМКИТЕ ВО АКТИВНИТЕ МЕРКИ ЗА ВРАБОТУВАЊЕ;
- ПОДИГНУВАЊЕ НА СВЕСТА КАЈ ПРИВАТНИОТ СЕКТОР И ПОШИРОКАТА ЈАВНОСТ ЗА ЕКОНОМСКИОТ ПОТЕНЦИЈАЛ ШТО ГО ПОСЕДУВААТ РОМКИТЕ.

Кампањата вклучуваше подготовка на едно главно видео со три успешни и вработени Ромки и 3 кратки видеа (reels) на социјалните медиуми, 1 флаер, 1 инфографик и 3 графички материјали во облик на слики, изработивме лендинг-страница, објавивме 2 ПР-текста и 3 интервјуа, и 1 гостување во ТВ-емисија.





Со кампањата опфативме 80 305 корисници и 13 405 интеракции на содржината на фејсбук-страницата **„ВРАБОТЕНА РОМКА = НЕЗАВИСНА РОМКА“.**

ГЛАВНО ВИДЕО

ОТВОРЕН ПРВИОТ ММ ЦЕНТАР – ЗА МЕНТАЛНО ЗДРАВЈЕ НА МОМЧИЊА И МАЖИ



Во 2024 година, ХЕРА го воспостави ММ центарот, прв и единствен ваков центар во Северна Македонија, кој нуди специјализирана психосоцијална поддршка за момчиња и мажи. Центарот работи на нудење индивидуални советувања, психосоцијална поддршка за мажи во криза и програми насочени кон охрабрување и олеснување на пристапот до помош. Дополнително, се организираат работилници и активности за унапредување на менталното здравје на мажите и промовирање отворена комуникација за нивните предизвици и потреби.


Центарот претставува значителен чекор кон создавање средина која го поддржува менталното здравје на момчињата и мажите и овозможува да се адресираат нивните проблеми без да бидат стигматизирани.



ВИДЕО ИЗЈАВА НА ПСИХОЛОГ ОД ММ ЦЕНТАР



ВИДЕО ИЗЈАВА ОД МЕНАЏЕР НА ММ ЦЕНТАР



ВИДЕО ИЗЈАВА ОД МЕНАЏЕР НА ММ ЦЕНТАР



ВИДЕО ИЗЈАВА ОД СПОРТСКИ ПСИХОЛОГ


ПУБЛИКАЦИИ



ПУБЛИКАЦИЈАТА
Е ДОСТАПНА ОВДЕ



ПУБЛИКАЦИЈАТА
Е ДОСТАПНА ОВДЕ




ПУБЛИКАЦИЈАТА
Е ДОСТАПНА ОВДЕ



ПУБЛИКАЦИЈАТА
Е ДОСТАПНА ОВДЕ



ПУБЛИКАЦИЈАТА
Е ДОСТАПНА ОВДЕ



ПУБЛИКАЦИЈАТА
Е ДОСТАПНА ОВДЕ

БУЏЕТ ЗА 2024 ГОДИНА

Назив на донаторот	Износ во МКД	Износ во USD	%
а) Меѓународни фондации и невладини организации	**13.280.295,00**	**227.338**	**35,85 %**
Меѓународна федерација за родителско планирање	9.566.644,00	163.766	25,82 %
„Квина тил Квина“	1.719.924,00	29.442	4,64 %
Ирис прогрес	976.433,00	16.715	2,64 %
Европска мрежа за работа со сторители на семејно насилство	361.228,00	6.184	0,98 %
Европска комисија	556.491,00	9.526	1,50 %
„Метаморфозис“	99.575,00	1.705	0,27 %
б) Билатерални/странски влади (амбасади, мисии)	**16.541.563,00**	**283.166**	**44,65 %**
УСАИД	1.638.267,00	28.045	4,42 %
Амбасада на Кралство Холандија	2.275.600,00	38.955	6,14 %
Британска амбасада	8.829.174,00	151.142	23,83 %
Британски совет	288.400,00	4.937	0,78 %
Германско друштво за интернационална соработка	979.000,00	16.759	2,64 %
Здружение за машки и родови прашања на Штаерска/Сојузно министерство за социјални прашања, здравство, грижа и заштита на потрошувачите на Австрија	2.531.122,00	43.329	6,83 %
в) Мултилатерални организации и агенции	**647.178,00**	**11.079**	**1,75 %**
УНИЦЕФ	647.178,00	11.079	1,75 %
г) Локална/Национална фондација или невладина организација	**2.800.000,00**	**47.932**	**7,56 %**
Македонски центар за меѓународна соработка/ Влада на Швајцарија преку програмата Цивика мобилитас	2.800.000,00	47.932	7,56 %
д) Владини институции	**3.322.335,00**	**56.873**	**8,97 %**
Министерство за здравство	3.322.335,00	56.873	8,97 %
ѓ) Приватен сектор	**122.700,00**	**2.100**	**0,33 %**
Sure Check	122.700,00	2.100	0,33 %
е) Членарина	**13.500,00**	**231**	**0,04 %**
ж) Приходи од социјални услуги	**317.391,00**	**5.431**	**0,86 %**
ВКУПНО ПРИХОДИ	**37.044.269,00**	**634.139**	**100 %**